# Inbox Inbox Inbox Inbox Inbox Inbox

@

e - mail адреса за
Вашите пораки до Премин:
premin@premin.org

Сценарио за сон:

ПАТРИОТИЗАМ

Се сеќавате ли на Платоновата пештера?
Со каква само чудесна прецизност уште пред две-три илјади години Платон ја антиципирал состојбата во која денес се наоѓа четири петини од населението на планетава! Си дремат луѓето во пештерката, и на крај памет не им паѓа да промолат нос и да ѕирнат, има ли нешто ...друго надвор? Има ли надвор...

Значи накратко, приказната е ваква: луѓето фатени во замката на пештерата (со самото доаѓање на свет), на почетокот пружаат извесен отпор, но по неговото кршење, се навикнуваат на состојбата, до таа мера, што стануваат зависни од истата, и повеќе не сакаат да излезат надвор. Заборавaат дека се заробени, дека тоа не е нивната природна средина, дека доколку САКААТ, можат да излезат, дека постои слобода, светлина, постои излез од ситуацијата. Но, денови ли се денови, тие аргатски маки големи... , што би рекол поетот за социјалниот аспект на пештерата.

Имено, ќе самне ли ден за нашиов народ, да види малку сонце, виделина, аир? Ропство вакво, онакво, секакво, години, векови, цела вечност, идентитетот национален ни се изедначи со поимот ропство. Иако, постои само едно ропство: ДУХОВНО, и само една слобода: познание на Вистината и љубов кон Бога. Тешко е на овие простори човек да НЕ биде малку филозоф, малку поет, малку дон кихот и во тој лавиринт од вдахновенија да си го најде крајот.

Аршин за лага и вистина

Колку и да е мрачно, сепак по сталактитиве одвреме-навреме се лизнува по некое зракче надеж, се воспоставува каква-таква конекција (со оглед на провајдерите) со реалноста, и се добива сила да се преживеат следните напади, удари, лавини, секаков вид непогоди. Недостаток од визии. (Лацк оф висионс…)

Имаме ли во оваа ситуација право на патриотизам, ако во глобала гледано, оваа заробеност е на ниво на цела планета, на ниво на човештво - Европската унија, Англо - Американскиот заговор, Руската идеја, Кинескиот ѕид, итн. итн. ако сето тоа се тоталитарни матрици коишто од своите граѓани прават пристојно затапени жители на пештерата, коишто ништо живо на светов не би ги извлекло надвор? Имаме ли право да и пркосиме на стихијата на светското зло? Имаме ли сили да не заглавиме во ПАРАНОЈА? Имаме ли покритие да излеземе на Плоштад и да речеме: Знаеме што е здрав разум, знаеме кои сме и што сакаме! Ќе имаме ли доблест да ја одбраниме идејата?

*М. П.*